З А П И С Н И К

Од втората редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 2-та седница на ден 25.11.2021 година (Четврток) со почеток во 13.00 часот во просториите на Спортската сала во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.

На седницата присуствуваа сите советници.

На седницата присуствуваше Славе Андонов градоначалник на општина Василево, Верче Миткова извршител во одделението за нормативно правни работи и јавни дејности, Ристо Михаилов претставник од одделението за финансии и Васе Костадинов претставник од ЈПКД Турија Василево.

По отворената расправа по записникот од првата конститутивна седница одржана на ден 18.11.2021 за збор се јави Александра Мадевска член на Советотна општина Василево рече дека нема забелешки по записникот само сака да укаже дека има направено пропусти во записникот не се пишани сите дискусии на градоначалникот и предлогот за избор на претседател во иднина доколку има пропусти нема да гласат по записниците.

Немаше друг пријавено за збор Записникот од конститутивната седница беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на втората-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог-решение за формирање на Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;
2. Предлог-решение за формирање на Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата;
3. Предлог-решение за формирање на Комисија за општествени дејности;
4. Предлог-решение за формирање на Комисија за земјоделие и заштита на животната средина;
5. Предлог-решение за формирање на Комисија за статут и прописи;
6. Предлог-решение за формирање на Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита;
7. Предлог-решение за формирање на Комисија за еднакви можности;
8. Предлог-решение за формирање на привремена Комисија за изработка на Предлог-програмата за работа на Советот на општина Василево за 2022 година;
9. Предлог-одлука за определување на членови на Советот на општина Василево да учествуваат во постапката при склучување на бракови во општина Василево;
10. Предлог-решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“, Василево;
11. Предлог-решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на ООУ „Атанас Нивичански“, Нова Маала;
12. Предлог-решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“, Василево;
13. Донесување на Одлука по барање за финансиски средства поднесено од Илми Мустафов од с. Градашорци;

14. Измена на годишен план за вработување за 2021 година на ООУ „Гоце Делчев“, Василево;
15. Донесување на Одлука по барање за финансиски средства поднесено од Црковниот одбор на Св. Наум, с. Чанаклија;
16. Финансиски извештај на ЈП„Турија“ за трето тромесечие за 2021 година од 01.01.2021 до 30.09.2021 година;
17. Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2021 година за периодот од 01.01.2021 до 30.09.2021 година (К-1);
18. Квартален извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 30.09.20121 година (К-2);
19. Квартален извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 30.09.2021 година (К-3);+
20. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Црковниот одбор од с. Добрашинци.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на втората седница на совет на општина Василево за збор се јави Ристо Делјанов претседател на советот предложи надополнување на дневниот ред како 21 точка на дневниот ред да биде:Предлог- Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Василево за 2021.
Немаше друг пријавено за збор предлогот на Ристо Делјанов за надополнување на дневниот ред како 21 точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Василево за 2021 беше ставена на гласење од 15 присутни члена Советот на Општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.
Дневниот ред со направените надополнувања како 21 точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Василево за 2021 беше ставена на гласење од 15 присутни члена Советот на Општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред разгледа: Предлог-решение за формирање на Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го разгледа Предлог-решение за формирање на Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;од 5 присутни члена со 5 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше: ги назначи следните членови:

- Ване Андонов за претседател
- Ристо Делјанов, член
- Драгица Глигорова, член
- Крсте Панев, член
- Билент Исинов,член

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

Бидејќи немаше пријавено за збор, предложените членови од Комисијата за претседател и членови во комисијата за финансирање Буџет и локален економски развој бидат избрани:

- Ване Андонов за претседател
- Ристо Делјанов, член
- Драгица Глигорова, член
- Крсте Панев, член
- Билент Исинов,член

Предлогот беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Предлог-решение за формирање на Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата;за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го разгледа Предлог-решение за формирање на Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата;

;од 5 присутни члена со 5 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше: ги назначи следните членови:

- Ристо Делјанов за претседател
- Ридван Мемедов, член
- Блажо Делев, член
- Билјана Горгиева, член
- Илми Мустафов,член

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

Бидејќи немаше пријавено за збор, предложените членови од Комисијата за претседател и членови во комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата бидат избрани:

- Ристо Делјанов за претседател
- Ридван Мемедов, член
- Блажо Делев, член
- Билјана Горгиева, член
- Илми Мустафов,член

Предлогот беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред : Предлог-решение за формирање на Комисија за општествени дејности;;за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го разгледа: Предлог-решение за формирање на Комисија за општествени дејности;од 5 присутни члена со 5 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше: ги назначи следните членови:

- Спасенка Митева за претседател
- Александар Митрев, член
- Живко Атанасов, член
- Билент Исинов, член
- Александра Мадевска,член

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

Пред да го стави на гласење предлогот за збор се јави Ристо Делјанов рече дека тој лично изјавува дека несака да биде дел од сите Комисии и пропушта на Коалиццијата ВМРО-ДПМНЕ да имат мнозинство во комисиите

Бидејќи немашедруг пријавено за збор, предложените членови од Комисијата за претседател и членови во комисијата за за општествени дејности бидат избрани:

- Спасенка Митева за претседател
- Александар Митрев, член
- Живко Атанасов, член
- Билент Исинов, член
- Александра Мадевска,член

Предлогот беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот Предлог-решение за формирање на Комисија за земјоделие и заштита на животната средина;за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го: разгледа: Предлог-решение за формирање на Комисија за земјоделие и заштита на животната средина; од 5 присутни члена со 5 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше: ги назначи следните членови:

;

- Блажо Делев за претседател
- Драгица Глигорова, член
- Ристо Делјанов, член

- Билјана Горгиева, член
- Кристина Нистров,член

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

Бидејќи немаше пријавено за збор, предложените членови од Комисијата за претседател и членови во Комисија за земјоделие и заштита на животната средина бидат избрани:

- Блажо Делев за претседател
- Драгица Глигорова, член
- Ристо Делјанов, член
- Билјана Горгиева, член
- Кристина Нистров,член

Предлогот беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот Предлог-решение за формирање на Комисија за Статут и Прописи;за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата горазгледа: Предлог-решение за формирање на Комисија за статут и прописи; од 5 присутни члена со 5 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше: ги назначи следните членови:

- Александра Мадевска за претседател
- Ване Андонов, член
- Спасенка Митева, член
- Крсте Панев, член
- Живко Атанасов,член

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

Бидејќи немаше пријавено за збор, предложените членови од Комисијата за претседател и членови во Комисија за Статут и Прописи бидат избрани:

- Александра Мадевска за претседател
- Ване Андонов, член
- Спасенка Митева, член
- Крсте Панев, член
- Живко Атанасов,член

Предлогот беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема

6.

По отворената расправа по шестата точка од Предлог-решение за формирање на Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита; за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го разгледа Предлог-решение за формирање на Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита;; од 5 присутни члена со 5 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше: ги назначи следните членови:

- Ридван Мемедов за претседател
- Александар Митрев, член
- Блажо Делев, член
- Билент Исинов, член
- Блаже Коцев,член

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

Бидејќи немаше пријавено за збор, предложените членови од Комисијата за претседател и членови во Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита бидат избрани:

- Ридван Мемедов за претседател
- Александар Митрев, член
- Блажо Делев, член
- Билент Исинов, член
- Блаже Коцев,член

Предлогот беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема

7.

По отворената расправа по седмата точка Предлог-решение за формирање на Комисија за еднакви можности;за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го разгледа Предлог-решение за формирање на Комисија за еднакви можности; од 5 присутни члена со 5 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше: ги назначи следните членови:

- Драгица Глигорова за претседател
- Спасенка Митева, член
- Билјана Ѓоргиева, член
- Крсте Панев, член

- Александра Мадевска,член

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

Бидејќи немаше пријавено за збор, предложените членови од Комисијата за претседател и членови во Комисија за еднакви можности бидат избрани:

- Драгица Глигорова за претседател
- Спасенка Митева, член
- Билјана Ѓоргиева, член
- Крсте Панев, член
- Александра Мадевска,член

Предлогот беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема

8.

По отворената расправа по осмата точката: Предлог-решение за формирање на привремена Комисија за изработка на Предлог-програмата за работа на Советот на општина Василево за 2022 година;за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата горазгледа Предлог-решение за формирање на привремена Комисија за изработка на Предлог-програмата за работа на Советот на општина Василево за 2022 годин; од 5 присутни члена со 5 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше: ги назначи следните членови:

- Блажо Делев за претседател
- Живко Атанасов, член
- Блажо Коцев, член

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

Бидејќи немаше пријавено за збор, предложените членови од Комисијата за претседател и членови во Комисија за изработка на Предлог-програмата за работа на Советот на општина Василево за 2022 годин бидат избрани:

- Блажо Делев за претседател
- Живко Атанасов, член
- Блажо Коцев, член

Предлогот беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема

9.

По отворената расправа по деветата точка:. Предлог-одлука за определување на членови на Советот на општина Василево да учествуваат во постапката при склучување на бракови во општина Василево;за збор се јави Ристо Делјанов;претседател на Советот на општина Василево рече дека направена е допуна во Предлог-одлука да учествува и градоначалникот во постапката за склучување на бракови.

За збор се јави и Живко Атанасов претседател на комисијата за мандатни прашања избор и именување рече дека комисијата на седницата ја разјледа и усвои од 5 присутни члена со 5 гласа ,, за,, против,, и ,, воздршани немаше со направената допуна при склучување на бракови во постапката да учествува и Градоначалникот која Гласи: Предлог- Одлука за определување на градоначалникот и на членови на Советот на општина Василево да учествуваат во постапката при склучување на бракови во општина Василево, Склучувањето на бракови ќе биде по редослед од сите советници

Немаше друг пријавено за збор направената допуна при склучување на бракови во постапката да учествува и Градоначалникот која Гласи: Предлог- Одлука за определување на градоначалникот и на членови на Советот на општина Василево да учествуваат во постапката при склучување на бракови во општина Василево, Склучувањето на бракови ќе биде по редослед од сите советници беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема

10.

По отворената расправа по десетата точка Предлог-решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“, Василево; за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го разгледа: Предлог-решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“, Василево; од 5 присутни члена со 3 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше:

ја разреши: Македонка Мтрева

А ја назначи:Сања Стојанова Велкова

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

За збор се јави Крсте Панев предложи за именување на член на Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“, Василево;да биде назначена Живка Јанева.

Бидејќи немаше друг пријавено за збор, усвоениот предлог од комисијата за Мандатни прашања избор и именување

Да се разреши: Македонка Мтрева

А ја назначи:Сања Стојанова Велкова за член на Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“, Василево;Предлогот беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема.

11.

По отворената расправа по единасетата точка Предлог-решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на ООУ „Атанас Нивичански“, Нова Маала; за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го разгледа Предлог-решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на ООУ „Атанас Нивичански“, Нова Маала; од 5 присутни члена комисијата го усвои со 4 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше:

го разреши: Мартин Атанасов

А го назначи:Томчо Динов

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои

Бидејќи немаше друг пријавено за збор, усвоениот предлог од комисијата за Мандатни прашања избор и именување за член на Училишниот одбор на ООУ „Атанас Нивичански“, Нова Маала;;

го разреши: Мартин Атанасов

А го назначи:Томчо Динов

беше ставен на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема.

12.

По отворената расправа по дванаесетата точката: Предлог-решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“, Василево; за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата го разгледа Предлог-решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“, Василево; од 5 присутни члена го усвои со 3 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше:

ги разреши:Маја Глигорова,Маја Панова и Павлинка Николова

А ги назначи:

Роберт Митев, Ване Цветков иИгорчо Илиев

Предлага и Советот да ги разгледа и усвои:

За збор се јави Александра Мадевска член на Советот од Советничката листа Коалиција„ Најдоброто за мојата општина рече дека според материјалите кој се дадени до советниците дадено е дека Павлинка Николова сама си дава оставка од член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“, Василево. Според неа секоја Одлука или решение треба да има образложение за

причината која си дава оставка. Според законот советниците можат само 1да изгласат според член 24 од детската градинка за управен Одбор. Претставниците на основачот ги именува и разрешува Советот на општина Василево. Претставникот на детската градинка го предлага Стручниот совет на градинката врз основа на стручност и компетентност а го избира и разрешува основачот. Претставниците од родители на деца ги предлага Советот на родители а ги именува и ги разрешува основачот. Претставникот на министерството го предлага Министерот а ги именува и разрешува Основачот што значи советниците можат само 1 да изберат .

Нејзин предлог е за член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“, Василево. да биде назначена Христина Гошева

Крсте Панев колку што е запознаен рече дека на 2 членови им завршува мандатот тоа се Маја Глигорова и Маја Панова додека за третиот член Павлинка Николова има сознанија дека градоначалникот има направено притисок ја има натерано да се подпише и да даде оставка. Бидејќи нејзиниот мандат се уште трае и праша дали се врши притисок врз вработените според него не е во ред негов предлог е за членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“ Василево се именуват:

Христина Гошева

Атанас Ристов

Македонка Митрова.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека констатацијата на Крсте Панев може да ја земе како паушална бидејќи таму има подпис, без разлика што е вработена, во градинката не се бара дали си вработен или не или во општината туку едноставно се гледа дали си член или не си член на управен одбор. Павлинка Николова има поднесено оставка и доколку е под притисок нека поведе постапка и доколку имало некое укажување беше на културен начин и за тоа може слободно да демантира.

Крсте Панев член на Советот од Советничката листа Коалиција„ Најдоброто за мојата општина рече доколку ја нема прочитано оставката нека ја прочита каде што цитираше: Јас павлинка Николова вработена во општина Василево си давам оставка од член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“, Василево Изјавил, Павлинка Николова со скратен потпис П.Н. Според него тој потпис не е нејзин не е подпишана како што треба туку од причина што е направен вистински притисок натерана е да се подпише од градоначалникот за што нема наведено причина зошто дава оставка кога мандатот сеуште трае како вработена во општината побара образложение од градоначалникот.

Ване Андонов член на советот од советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата„Обнова за Македонија рече дека да не се дојде до заблуда секој избран член на Управен одбор без разлика дали работи во градинка или училиште има право да си даде оставка без да наведе причината за оставка.Доколку Павлинка Николова сметала дека треба да ја наведе причината која си дава оставка можела да наведе повеќе причини и истата да ја достави со причини во Архивата. Според него оставката е дадена без причини без никаква дилема, истата е разгледана и е констатирано треба да се продолжи со избор на нови членови на Управен Одбор на детската градинка.

Славе Андонов рече дека очигледно некој сака да создаде некоја атмосвера дека градоначалникот прави притисок, мегутоа има архива таму се доставува за тоа и архиварката да се праша треба да се прави вештачење дали Павлинка Николова има подпишано или не. Доколку Крсте Панев захтева може

и да се вештачи ,подписот со кое лицето Павлинка Николова е подпишана, има процедури како да се постапи. Доколку се збират само политички поени нека продолжат според него смета дека тоа не е потребно работите треба да течат, одлуките да се носат со консултирање според него овој случај е чист подписот вероватно е нејзин за тоа можат да кажат другите служби и органи смета дека архиварката не заверува без лично да го однесе лицето кога се работи за такви случаи или да се пушта преку пошта. Во тој случај се покренуват многу работи треба и архиварката да одговара, смета дека вработените работат уредно си ја вршат работата според законот и решенијата кој што ги има врз основа на систематизацијата.

Крсте Панев се јави за реприка на градоначалникот рече дека не станува збор за никакви политички поени бара реалност и вистина без притисок не е добро да се навредува бидејќи сите се бирани од народот и сите треба да се залагат за општината.

Александра Мадевска Бидејќи под оваа точка се отварат многу дискусии и дебати што очигледно е дека имало притисок, нејзин предлог е оваа точка да се одложи за наредната седница доколку сите се сложат за да се испита и види и да се уверат советниците дали е под присила да си даде оставка или пак доброволно дава оставка..

Немаше друг пријавено за збор Ристо Делјанов претседател на советот на општина Василево го стави првиот предлог на Живко Атанасов на гласење:Предлог-решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“, Василево ги разреши:

Маја Глигорова,Маја Панова и Павлинка Николова

А ги назначи:Роберт Митев,Ване Цветко и Игорчо Илиев

Предлогот беше ставен на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево ги усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, нема.

13.

По отворената расправа по тринаесетата точката: Донесување на Одлука по барање за финансиски средства поднесено од Илми Мустафов од с. Градашорци; немаше пријавено никој за збор беше ставена на гласење бидејки се работи за Барање доставено од член на Советот Илми Мустафов беше иземен од гласење, беше ставено на гласење од 15 присутни члена Советот на општина Василево гласаше со 6 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, 8 советот на општина Василево не го усвои Барањето.

14.

По отворената расправа по четиринаесетата точка. Измена на годишен план за вработување за 2021 година на ООУ „Гоце Делчев“, Василево;никој не се јави за збор, беше ставена на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,6 и ,, воздржани,, немаше.

15.

По отворената расправа по петнаесетата точка. Донесување на Одлука по барање за финансиски средства поднесено од Црковниот одбор на Св. Наум, с. Чанаклија; за збор се јави Билент Исинов пред да го предложи неговиот предлог рече дека во наредниот период ќе се соочуват со многу такви Барања од верски објекти и Џамии на седницата е присутен и градоначалникот според него доколку се одредува некоја сума треба да се одредува подеднакво за сите не некаде повеќе некаде помалку негов предлог е по Барањето за финансиски средства поднесено од Црковниот одбор на Св. Наум, с. Чанаклија;да се доделат средства во износ од 30.000 денара.

Билент Исинов Смета дека исто требе да се додели и по барањето доставено од Црковниот одбор од село Добрашинци. Доколку се додели повеќе рече дека лично тој ќе го подржи предлогот но не помалку од 30.000 денари според него рече дека тоа во иднина да биде како договор било која црква или џамија што ќе поднесе Барање сумата да изнесува 30.000 денари.

Ване Андонов негов предлог е висината на средствата кој што ќе бидат одобрени за верски објекти тие 4 години да зависи од тоа со каква инвестиција сака да прави тој верски објект. Доколку црквата реши да ги мени сталките за свеки нормално дека Советот не може да ги помогне со 30.000 денари, конкретно Барањето кое е доставено се работи за нови прозорци и смета дека за оваа барање треба да се подржат со сума од 20.000 денари. Рече дека тој нема ништо против да се доделат и 30.000 денари бидејќи општината се наога во огромни долгови според него 20.000 денари се доволни за нови прозорци.

Билент Исинов се јави за реприка рече дека не е спорно и да бидат доделени 20.000 денари не се малку на седницата е присутен и градоначалникот и за во иднина доколку има потреба пари да не се дават туку да се купуват материјали дирекно од фирмата а општината да ги плати според него 20.000 денари се многу малк уградоначалникот е присутен да земе збор без разлика во каква состојба се наога општината за тоа сите треба да се залагат. Негово мислење е за во иднина за сите такви доставени Барања да се доделува по 30.000 денари.

Ване Андонов се јави за реприка стои на ставот тоа што предходно го рече не може Советот паушално да доделува 30.000 денари за одредена работа не е исто да се мени прозолци и сталка за свеќи која што кошта многу помалку.

Неговиот предлог од 20.000 денари како општина нема да ги одобрат сите за прозорци општината ќе помага со 20.000 денари толку колку што е во можност. Црковниот одбор може да обезбеди средства од спонзори од фирми и средства од самите грагани. Тој е лично против тоа да се заземе таков став да се одобруват средства во износ од 30.000 денари. Околу тоа за да се исплатата средства на фирми од правен аспект незнае дали и како е возможно и изводливо за тоа правник треба да даде образложение.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека добро е тоа што советниците дискутират во интерес на општината и граганите како рационално да се користат средствата од Буџетот според него и двата предлози се добри и тој мисли така мегутоа од искуство од советници од предходниот состав кој што имаше усен договор влезено во записникот тогаш беше 15000 илјади денари да се доделуват средства за верски објекти мегутоа Ване Андонов што кажа има изградби , набавки, може да им се дадат и 15000 денари зависи што се бара. Доколку се инвестира за капела за тоа се потребни повеќе средства, изградба на црква ќе требат повеќе средства сите советници па и тој се свесни за тоа, лично тој ќе се залага да де доделат повеќе средства. Кога станува збор за прозорци проблемот е од финансиски аспект знаат советниците дека општината е задолжена проблем се и тие средства како ќе се доделат можно е и до година да бидат исплатени. Советот ќе донесе Одлука а тој како градоначалник мора да спроведе доколку подпише решение според него смета од тие два предлога да излезе една средина поради тоа што е издржливо спрема барањата кои се доставени да биде

утврдена вредноста, за помали вредности може да се одреди и 15000 денари бидејќи стандардот е качено сега железото е покачено негова сугестија е 20.000 денари се доволни.

Билент Исинов рече дека чекаше да се изјасни градоначалникот не е против советниците има еден договор за тоа време градоначалникот беше правник доколку во иднина се прават нови цркви да се дават 100.000 денари според него е невозможно како советници треба подеднакво да се мисли за сите а не за Чанаклија 20.000 илјади денари а за Добрашинци 50.000 денари некаде 100.000 денари соред него за во иднина да биде како договор мегу советниците доколку се одлучи да остане 20.000 денари без разлика кој што ќе прави да не се пречекори сумата од 20.000 денари доколку се барат средства за изградба градоначалникот може да помогне преку спонзорства од фирми.

Крсте Панев тоа што го кажаа колегите советници и градоначалникот е во ред само едно не му се допаѓа колегата ако може во иднина да се подржуваме бидејќи предходно беше претседател на Советот и од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ имаше таков предлог, а општината е многу задолжена и од предходната влас и сега што значи доколку се работи за доброто на сите граѓани во општината уште од сега да се почне со работа да не се навраќаме назад бидејќи долговите се насдледени од предходната влас од ВМРО-ДПМНЕ со исти долг како што е и сега да не се навлекуваме понатаму според градоначалникот дека 20.000 денари се доволни според него е во ред доколку има одредени барања за повеќе потреби ќе се одобрат повеќе средства за тоа се советниците да одлучуват и да се внимава сега како понатаму ќе се води општината.

Блаже Коцев околу Барањето кое е доставено за финансиски средства поднесено од Црковниот одбор на Св. Наум, с. Чанаклија; има забелешка по поднесеното Брање од Ване Прцевски без образложение за прозорците колку пари коштат и има доставено негова лична сметка не се знае дали тие средсва ќе бидат правилно искористени а во другото Барање за финансиски средства доставено од Добрашинци има доставено сопствена сметка од МПЦ што е исправно според него неможе на туѓа сметка да се пуштат средства а ке се користат за верски објекти, бидејќи не се знае дали правилно ке бидат средствата искористени рече дека тоа е негова сугестија.

Билент Исинов се јави за збор рече дека го повлечува неговиот предлог по Барањето за финансиски средства поднесено од Црковниот одбор на Св. Наум, с. Чанаклија;да се доделат средства од 30.000 денара.

Предлогот на Ване Андонов да се доделат финансиски средства од 20.000 денари по Барањето за финансиски средства поднесено од Црковниот одбор на Св. Наум, с. Чанаклија, беше ставена на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, немаше.

Точката: . Донесување на Одлука по барање за финансиски средства поднесено од Црковниот одбор на Св. Наум, с. Чанаклија со усвоениот предлог да се доделат финансиски средстваво износ од 20.000 денари, беше ставена на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, немаше.

16.

По отворената расправа по шеснаесетата точка: Финансиски извештај на ЈП,,Турија“ за трето тромесечие за 2021 година од 01.01.2021 до 30.09.2021 година; за збор се јави Ване Андонов побара образложение.

Васе Костадинов претставник од ЈПКД ,, Турија“ Василево рече дека законска обврска е ЈПКД ,, Турија“ Василево да изготви извештај прво го разгледува Надзорен Одбор дава мислење до Управен Одбор Управе Одбор го доставува до Советот на општина Василево.

Финансискиот извештај се состои од приходи и расходи.

Финансиските приходи од 01.01.2021 до 30.09.2021 година; изнесуват 15.586.248,00 денари од кој приходи од услуги 15.571.779,00 денари и други вонредни приходи од 14.469,00 денари. Приходи од услуги, приходи од комунален отпад приходи од уредување и одржување, приходи од вода, приходи од ровокопач, приходи од приклучоци- водовод, приходи од улично осветлување, приходи од приклучок на канализација и одржување на канализација и други услуги.

Вкупните расходи изнесуват 14.160.634,00 денари од кои материјални трошкови има 4.475.401,00 денари тука се сите трошоци, бруто плати 7.191.750,00 денари, амортизација 240.101,00 денари, останати трошоци 2.210.922,00 денари и расходи по основ на камати, казни 42.460.00 денари, што значи комуналното предпријатие од 01.01.2021 до 30.09.2021 година работи со добивка од 1.425.614,00 денари во споредба со предходните години, во 2021 година приходот е зголемен за 2,79% а расходите се зголемени 2,06%

Ване Андонов рече дека е интересно кога слуша дека ЈП,,Турија“работи со добивка со над 1.000 000 денари кога сите знат дека Јавното предпријатие е презадолжено и едно од најзадолжените во Југоисточниот регион, рече конкретно го интересира за две прашања, првото прашање праша колку пари општината треба да плати на ЈПКД ,, Турија“ Василево, зошто ќе се исплатат тие средства и во ставка на материални трошкови останати услуги е наведено помалку од 500.000 денари праша што конкретно спаѓа под ставка останати услуги побара образложение.

Васе Костадинов во образложението рече дека во останати услуги спагат сите поправки 48.810,00 поправка на губрарка 170.297 поправка на водоводна мрежа Василево и Градашорци 39.628,00, поправка на машина,70.500.00 денари за трактор, 17.370 поправка на водовод во село Чанаклија,763 денари и регистрација на возило 45.755 денари.

Второто прашање околу побарување не може да даде одговор може да се даде само кога ќе се достават завршните сметки.

Ристо Михаилов претставник од општинската администрација рече дека на крајот на годината со завршната сметка ке се даде колку и на кој начин има побарувања колку обврски тој како податок има дека ЈП,,Турија до 30.09.2021 има побарување 8.938.100 денари.

Немаше друг пријавено за збор шеснаесетата точка: Финансиски извештај на ЈП,,Турија“ за трето тромесечие за 2021 година од 01.01.2021 до 30.09.2021 година; беше ставена на гласење од 15 присутни советници гласаа 7 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 8. Советот на општина Василево не го усвои .

17.

По отворената расправа по седамнасетата точка: Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2021 година за периодот од 01.01.2021 до 30.09.2021 година (К-1); образложение даде Рисо Михаилов рече дека општина Василево како основач на ЈП,,Турија“ Основните училишта Детската градинка вкупниот консулидарен Буџет изнесува 182.819.921 денар од кој има реализација 107.245.106 или

58,67%. Доколку се земе обзир за третиот квартал има реализација од 60% и се надева дека до крајот на годината ќе дојде до 80% нема да има реализација 100%. Рече дека секаде има Буџет кој не се реализира комплетно тоа се случува и со Републичкиот буџет, за тоа постои ребаланс на буџетот. Ако се види нашиот основен Буџет кој изнесува 99,875.000 денари има реализација 49.692.319 или 49.76% до 30.09.2021 . Бидејќи другите средства се од Блок дотации, даден е табеларен преглед за приходи и расходи советниците го имат во материалите доколку имат советниците поконкретно прашање нека прашат .Живко Атанасов праша која е причината за долгот од 91.000 000 денари на општина Василево а има планирано Буџет од 99.000 000 денари

Ристо Михаилов рече дека тоа се однесува за кварталниот извештај К2 даден е преглед на советниците на доспеани неизмирени обврски 83.000 000 денари и дополнителни расходи во текот на месец Октомври што значи 90.000 000 обврски спрема обавувачите, спрема советниците и кредиторите на трите кредити.

Бидејќи оваа година имаше доста активности за изградба на локални патишта и улици се почна со одредени проекти а се створени обврски спрема тие проекти, мегутоа сите дојдоа одеднаш настана конфузија околу извршувањето на Буџетот сега во моментот сме блокирани незнае како понатаму ке се функционира бидејќи од минатата година од 10 месец сме во постојана блокада некогаш во одреден период сме деблокирани 1 до 2 месеци од страна на судот сега имаше некоја основа за плаќање од 1.900.000 денари мегутоа од Министерството за финансии комплетно сме блокирани за кредититеопштината е во тешка ситуација затоа тие како советници треба градоначалникот и администрацијата да најдат начин како да се одблокира инаку следната година кога ќе дојдат програмите да се усвојат ќе мора да се прави програма за раздолжување дали ке биде на рати доколку се успее да се договорат со должниците за да може да се извлечеме од оваа состојба. Рече дека точно е дека има наследено долгови предходниот пат имаше 26.000 000 од Владата доколку имаме сега шанса за таква помош ке биде добро, работа е на советниците како ќе одлучат и како ќе усвојуват Буџет за тоа треба да мислат дека Буџетот околу капиталните трошоци ќе биде скрос на нула, ке мора првата година да се раздолжиме ако сакаме следните три години да работиме.

Ване Андонов се гледа дека Општина Василево е презадолжена се гледа од самите документи и покрај 26.000 000 милјони денари што ги има дадено Владата. за раздолжување пак сме презадолжени доколку не се дадени овие средства од владата општината ќе беше презадолжена праша на што се должи тоа задолжување.. Има Буџет кој што е предвиден основен од 99.000 000 што значи има слаба реализација. Последната година од мандатот на предходниот градоначалник очигледно е дека се има трошено пари повеќе од тоа што општината што може да потроши. Како општина може и актуелниот градоначалник сака се да направи сите села да имат асвалт, канализација, градинќи но треба да се види и реалната состојба со колку пари располага општината колку се можностите не само да се прават договори да се прават проекти а да стојат во архивата и после три години да им дојде редот и да и биде блокирана сметката на општината. Ване Андонов рече дека 8 години ВМРО- ДПМНЕ ја водеше општината за тој период немаше сметка блокирано. Додека за период од 4 години владење на СДСМ општината е со блокирана сметка според него можеби ќе треба да се направи и ревизија зошто се потрошени овие средства во период од тие 4 години, многу пари се потрошени , многу долгови а на дело не гледа никакви проекти . Сака да упати апел до градоначалникот Славе Андонов сега е период кога треба да се спрема Буџетот да внимава на програмите да не се прават само капитални инвестиции подпишуват договори и стојат во архивата после тоа да ја тужат и блокират општината што значи да се направи програма за раздолжување да се вратат поголем дел од долговите и капитални инвестиции да се прават колку што има инвестиции.

Крсте Панев постави прашање до Ристо Михаилов одговорен во одделението за финансии доколку сака да каже пред сите советници колку беше задолжена општината за време на владеење на ВМРО-ДПМНЕ и градоначалникот Ванчо Стојанов. Праша дали и во владеење на СДСМ кога беше градоначалник Марјан Јанев се исплакаа и сеуште се исплакат кредити наследени од Ванчо Стојанов за да бидат запознаени советниците за да не навлегува бидејќи ќе нема крај на седницата.

Ристо Михаилов одговорен во одделението за финансии рече до 30.09.2017 година кога дојде на влас СДСМ и градоначалникот Марјан Јанев влезе во долг од 52.947.306 денари на 30 .09.2021 година има долг 83.360.777 денари од тие 52.000 000 денари долг 26.000 000 денари имаше подршка од владата 26.000 000 милјони остана долг од пред предходната власт.

Крсте Панев праша колку кредити годишно се плакат двапати во годината наследени од градоначалникот Ванчо Стојанов.

Ристо Михаилов рече дека има три кредити во моментот од кој двата се од владењето на Ванчо Сојанов и еден од Градоначалникот Марјан Јанев сите завршуват идната година во февруари месец, што значи до 2017 година редовно се плака кредитите, од 2017 година наваму раздолжувањето се вршеше со закаснување сега сме во друга ситуација, до почетокот на оваа година кредитите беа исплаќани на две рати во годината февруари и август не беше во можност општината да ги враќа трите кредити затоа дојде до оваа ситуација минатата година од октомври сме блокирани сега 2020 и 2021 година е друга ситуација бидејќи сме блокирани и од Министерството за финансии.

Славе Андонов рече дека ги слушна сите излагања на Ристо Михаилов бидејќи и тој беше вработен во општината добро ја познават сите ситуацијата, фактите и бројќите што беа кажани се точни тој како градоначалник и тие како советници треба да работат во интерес на граѓаните. Негова обврска е да ги исполни обврските ги сваќа сериозно ист така и на тој начин ќе одговори. Општината е во катастрфална состојба една од позадолжените спрема бројот на жители задолжена преку 80.000 000 денари повеќе од 6 месеци сметка блокирана досега се случуваше најмногу до месец дена, сега следат тешќи моменти. Пред неколку дена ЕВНА дојде да ја исклучи струјата на општинската зграда и уличното осветлување и сите населени места советниците гледат дека сметките не се платени, телефони исклучени тешко ќе се функционира доаѓа Нова Година 21 век треба да има електрична енергија знаеме дека влегуваме во енергетска криза имајќи во предвид дека цената на струјата ќе расте трошоците на општината ќе бидат уште поголеми сметки не платени према ЕВНА, сака да каже дека сите советници и тој како градоначалник што зборуваше не да се жали едно ќе порача Општина Василево повторно ќе биде финансиски стабилна заедно сите ќе се борат за да може да се успее сака да каже и на советниците од СДСМ што реагират тоа се факти кој што треба да се прифатат што ги кажа Ристо Михаилов дека 52 000 000 денари оставен долг подршка од владата 26.000 000 денари и останат долг од 26.000 000 денари за владење во период од 8 години на Ванчо Стојанов. Додека во владење на Марјан Јанев во период од 4 години има 80.000 000 денари долг. Затоа треба да се носат правилни Одлуки да се извади општината од оваа финансиска криза. Славе Андонов градоначалник на општина василево рече дека како градоначалник има обеќано програма пред граѓаните на општина Василево и врз основа на таа програма има добиено доверба мегутоа тешко ќе оди вети дека се од себе ке даде да реализира поголем дел од програмата иако има проблеми. Околу реализацијата на капиталните проекти во иднина се гледа дека50% емалку има општини како Струмица има реализација над 90% но со заедничко залагање на сите може да се постигне до одредено ниво но согласно ситуацијата да се носат проекти, одлуки за да фунционира општината рече дека си дава цел до крајот на мандатот да реализира што поголем дел од програмата.

Ване Андонов се јави за реприка на Крсте Панев смета дека со самото излагање како советници треба да се гледат фактите се надева дека за наредната седница ќе има струја нема да се одржи на свеќа, доколку се дојде до тоа апелира седницата порано да биде закажана бидејќи можно е да нема струја. Сака да потенцира дека за владеење на Ванчо Стојанов Општината е оставена во Долг од 52,000 000 денари за мандат од 8 години од кој 26.000 000 подршка од владата за раздолжување додека градоначалникот во заминување Марјан Јанев за 4 години општината е задолжена со 60.000 000 денари према тоа се гледа кој како работил факт е дека има непродуктивни трошоци уште на месец дена кога дојде на позицијата градоначалник купи нова кола за општината за кој што нема потреба кога општината е презадолжена според него има направено многу грешки..

Александра Мадевска се јави за реприка на советникот Ванчо Андонов рече дека цело време се напаѓа предходната влас и градоначалникот Марјан Јанев. Пред малку Ванчо Андонов кажа дека градоначалникот за 4 години мандат нема на виделина ништо направено. Александра Мадевска рече дека сака да му каже на советникот Ванчо Андонов дека неможе да каже дека нема ништо направено бидејќи потекнува од населено место Нова Маала за време на владеењето на Ванчо Стојанов таа лично одеше во чизми по улиците од кал во Нова Маала сега слободно може да каже за капиталните инвестиции кој се направени во Нова Маала кој што за населението е од големо значење. Исо така има направено во Градашории секаде има по нешто направено, убаво слушна и од представникот на општинската администрација дека општината сеуште враќа 2 кредити од Ванчо Стојанов и 1 од Марјан Јанев не е во ред да се напаѓа затоа народот ги има избрано за да служат на народот градоначалникот треба да застане зад нив како совет требе да се најде решение а не да се препукуват еден на друг кој направил кој не, рече дека има на видик за 4 години владение на секое населено место има направено по нешто, Александра Мадевска рече дека и нејзе и рече што градоначалникот е запознаен за ситуацијата во Нова Маала две недели нема улично осветлување што лично и е потребно најосновно средство за живеење но никој не е заинтересиран да ја види состојбата зошто нема осветлување за која што треба да се расправа по точка разно. Според неа сака да каже дека состојбата е таква каква што е поради тоа што градоначалникот во заминување Марјан Јанев имал наследени долгови за враќање.

Спасенка Митева се јави за реприка по излагањето на советничката Александра Мадевска рече дека добро кажа во одредени села има доста направено но во населените места Радичево и Дукатино беа заборавени од градоначалникот Марјан Јанев бидејќи се има изјаснато дека камен нема да фрла бидејќи се вмровски села праша што има направено во овие две села, 3 години не работи уличното осветлување.

Александра Мадевска се јави за реприка ја праша советничката Спасенка Митева дали живее во Радичево бидејќи гледа дека не е доволно запознаена во Радичево има изградено улици , единствено што нема ништо направено е во село Варварица бидејќи таму никој не живее според неа не е во ред да се напѓа дека општината е во долг затоа треба да се залагат сите советници општината да ја искарат од тој долг.

Ристо Делјанов апелира советниците да се држат по точките кои се по дневниот ред.

Крсте Панев рече дека незнае по кој пат излегува да каже да не се навлегува повеќе во тие проблеми колегите советници упорно кажуват што направила предходната влас стално зборуват исто сака да каже на советничката Спасенка Митева дека во населено место Радичево и минатата година има асфаралтирано улица по средба на граѓаните имаше предлог и се реализираше таа улица. Рече дека во дискусијата на Ванчо Андонов дека Марјан Јанив колата што ја купил направил грешка според него смета дека имало потреба од тоа предходната кола имала дефеци со колата одеа на терен. Колку што е запознаен советот има право да донесе Одлука колата да се продаде средствата ке бидат наменети за друга цел. Според него има решение за се, колегите не се запознаени какви проекти има општината направено.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево околу капиталните проекти не негира дека нема направено за тоа се тие обврски, меѓутоа не се плаќани тоа е факт поради тоа се блокирани и сметките. Фирмата Портланд бара да и биде наплатено од кој што општината е и најмногу блокирана, не се платени и сметките на ЕВНА за тоа треба да се дискутира да се најде начин како долгот да се намали апелира дека тој како градоначалник ќе презеде мерки конкретно за службеното возило да се употребува исклучиво за потреба ќе се крати се што е можно исто и за електричната струја за ситуацијата во која што се наогат, лично тој ќе се залага за планско работење во наредниот период да се излезе од ситуацијата која што се наога. Рече дека во наредниот период ќе се планира средства според можностите а не според желбите и пополистички мерки, тука се има работено како што не

треба за тоа ќе се виде која програма дали предходната или сегашната ќе донесе повеќе резултати. Затоа овој Совет треба да донесе квалитетни програми но да бидат во рамките на можностите. Кредитот што беше земен за населено Место Чанаклија беше корисен повеќе одколку што треба можно е и тој да се залага за кредит само да биде наменски и практичен за да се враќат средства назад а не кредити за кола и повеќе трошење. Го подржува водоводот во Чанаклија бидејки комуналното претпијатие има приходи наплаќа вода.

Немаше друг пријавено за збор седамнасетата точка: Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2021 година за периодот од 01.01.2021 до 30.09.2021 година (К-1); ; беше ставена на гласење од 15 присутни советници гласаа 7 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 8. Советот на општина Василево не го усвои .

18.

По отворената расправа по осумнасетата точка: Квартален извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 30.09.20121 година (К-2); за збор се јави Спасенка Митева побара образложение во каква состојба ја остави општината Марјан Јанев.

Ристо Михаилов претставник од општинската администрација рече дека прашањето беше поставено од советникот Крсте Панев и од негова страна беше одговорено за исто прашање да не се повторува пак.

Ридван Мемедов се јави за збор има прашање до општинската администрација за водоводот во Висока Маала праша колку средства има потрошено.

Ристо Михаилов во образложението рече дека проектот беше за водоводот во Висока Маала од страна на Фотуна Инженеринг од Скопје конплетно беа извршени бушетини мегутоа не најдоа таму вода а се потрошени 1.595.950,00 денари од кои има платено 150.000 денари има информации дека овој проект не успеа поради тоа што нема вода.

Ридван Мемедов рече дека во летото од граѓаните од селото има собирано по 3000 денари, исто така со булдужерот прво местото беше рамнато каде што ќе се бушеше имат дадено 60.000 денари 50.000 до 60.000 денари имат платено за бушење,да се копа канализација до базентот, граѓаните сами имат копано на канализацијата, него лично го интересира каде се потрошени средствата.

Ристо Михаилов рече дека имат добиено фактура со матреалите кои беа набавени кој што коштат толку пари тоа се пари за материјали за помпата пропратни елементи, според фактурата заедно со матреалите тоа се тие средства другата работна сила е нивна и помош од ЈПКД „ Турија “ Василево.

Славе Андонов рече дека ќе се залага околу овој случај има повеќе укажувања од граѓани на Висока Маала ќе се направи истражување парите се дадени а народот се жали за тоа дополнително писмено или усно ќе бидат известени, прво случајот треба добро да се испита.

Крсте Панев рече дека ќе биде воздржан да му одговори на советникот Ридван Мемедов околу средствата кој се дадении од граѓаните наменски се потрошени или не, колку што знае и предходниот градоначалник Марјан Јанев се залагаше да го реши овој проблем секако овој проблем ќе го има и сегашниот градоначалник не сака да навлегува за тоа што го слуша не е во ред има купувано и црева има изградено 3 постојки и други работи да не се коментира за нешто што не е јасно сега градоначалникот треба да бара начин да го реши овој проблем за тоа се потребни средств никој не работи безпари а колку е предходно наплатено тоа е друга работа.

Немаше друг пријавено за збор осумнајсетата точка: Квартален извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 30.09.20121 година (К-2); беше ставена на гласење од 15 присутни советници гласаа 7 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 8. Советот на општина Василево не го усвои .

19.

По отворената расправа по деветнасетата точка: Квартален извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 30.09.2021 година (К-3);+);немаше пријавеноза збор беше ставена на гласење од 15 присутни советници гласаа 7 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 8. Советот на општина Василево не го усвои.

20.

По отворената расправа по двасетата точка: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Црковниот одбор од с. Добрашинци за збор се јави Ристо Делјанов рече дека црквата св.Тројство Од Добрашинци бара финансиски помош од 30.000 денари средствата ќе бидат наменети за капела.

Точката Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Црковниот одбор од с. Добрашинци со Во барањето е наведено дека барат да им се додели финансиски средстваво износ од 30.000 денари кој ќе бидат наменети за капела, беше ставена на гласење од 15 присутни советници. Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа „за“„против“ и „воздржани“ нема.

21.

По отворената расправа по двасет и првата точкаод дневниот ред: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Василево за 2021 за збор се јави Крсте Панев побара образложение.

Ристо Михаилов претставник од општинската администрација бидејќи нема представник од буџетскиот корисник има некој податоци кој ги имат доставено до општината се однесува за средства кој ги имат за исплата на плати во градинките и основните училишта. Има побарано од нив како буџетски корисници, бидејќи на крајот од годината со новиот закон доколку не ги искористат средствата кои им се дадени како наменски тие треба да ги вратат во буџетот на Република Македонија за тоа им е укажано дека тие средства треба да ги пренасочат за тоа се тие точки за двете училишта и градинката тие имат повеќе средства предвидени за плати надоместоци сега тие средства ги пренасочуват во други програми за да можат да се исплатат за гориво за транспорт каде што мислат дека е потребно тоа е нивно Барање во согласност со можностите што ги имат како средства кои ги трансферират од страна наМинистерството за образование и Министерството за труд и социјална политика.

Немаше друг пријавено за збор: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Василево за 2021. беше ставена на гласење од 15 присутни советници. Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа „за“„против“ и „воздржани“ нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори втората седница на Советот на општина Василево.

Записничар
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател,
Ристо Делјанов